Тип на документ:
Подзаконски акт
Број на Службен весник:
12/2014
Датум на објавување:
22.1.14

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 21 став (2) од Законот за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 86/08, 156/10, 53/11 и 163/13), министерот за транспорт и врски донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПОГРЕБУВАЊЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува техничката опрема за вршење на погребување.

## Член 2

За вршење на погребување, правното или физичкото лице треба да располага со следната техничка опрема и тоа:
- најмалку едно специјално погребно возило регистрирано исклучиво за таа намена;
- најмалку едно специјално погребно возило за превоз на починати од капела до гробно место за поворка со технички карактеристики за споро возење;
- возило за превоз на работници со опрема до гробно место и
- технички средства за ископ на гробни места и соодветна ХТЗ опрема за лицата кои вршат погребување.

Возилата од став 1 алинеи 1 и 2 од овој член треба да ги исполнуваат санитарно хигиенските и техничките услови предвидени во прописите за условите и начинот на закопување, ископување и пренос на телото на умрено лице.

## Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за соодветното образование, техничката опрема и минималните здравствено - санитарните услови за вршење на погребални услуги ("Службен весник на Република Македонија" број 143/08).

## Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-571
13 јануари 2014 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Миле Јанакиески** , с.р.